# ОД НАС ЗА НАС

**Списание направено од сексуални работници за сексуални работници**

**Број 7**

**јули/август**

**2009**



**БИЗАРНИ СЕКСУАЛНИ ЗАКОНИ**




**НАВИКИ КОИ ЗДЕБЕЛУВААТ**



**ГРАДОТ СПЛИТ- МЕТА ЗА СТРАНЦИ**



**ПРОСТИТУТКИТЕ СЕ СЕЛАТ ОД НОРВЕШКА**



**СЕКС ПОЗА НА МЕСЕЦОТ-ТОРНАДО**

# БИЗАРНИ СЕКСУАЛНИ ЗАКОНИ



***Чудните и необични закони стапуваат во сила во многу земји ширум светот. Сепак во некои случаи, вистинската необичност преминува во доменот на бизарноста, особено кога станува збор за сексуалните правила и моралното однесување.***

***Верувале или не, на светот постојат голем број неверојатни закони и прописи, кои се донесени по повод на чудни случувања во минатото, а се со цел законски да се покрие можноста за нивно повторување.***

Во Америка постојат многу закони усвоени пред многу години, кои на рестриктивен начин ги регулираат сексуалните односи, па иако оддамна не се применуваат сеуште се на сила.

Правниците велат дека судовите мора да ѓи почитуваат овие закони доколку некој се повика на нив, па апелираат до законодавецот да направи ревизија.

Како за пример е законот во Минесота, каде е забранет секс со птици.

Во некои Исламски земји на мажите не им е забрането да имаат секс со овца, но не смеат да ја изедат таа овца. Тоа се смета за смртен грев.

Сексот со животни е дозволен, само ако станува збор за животни од женски пол. За секс со мажјаци следува смртна казна.





Во некои Колумбиски градови законски жената смее да спие само со својот сопруг. Законот бара мајката на невестата да биде присутна за време на првата брачна ноќ, за да посведочи за првиот сексуален однос.

Многу младоженци неможат да ја поднесат својата свекрва на семејниот ручек, а камо ли при првиот сексуален однос.

Машкиот гинеколог во Бахреин, може да ги гледа приватните делови на пациентката само во огледало.

Од друга страна во одделни области од Колорадо, постои забрана за љубење жена додека спие, додека во американскиот град Хартфорд, мажот не смее да ја љуби жената во недела.

Во Аризона не е дозволено да имате повеќе од два вибратора.

Според законот на Јута, на жените им е забранет секс во возило на брза помош кое што е во движење. Ако жената биде фатена за време на секс ке биде обвинета, а нејзиното име ке биде објавени во локалните весници. За разлика од жената, мажот кој ке биде фатен во ваква активност нема да биде казнет.

Државата Минесота не дозволува секс со мртва риба!!!

Освен тоа е забранет секс со жена или маж кои што мирисаат на лук или на сардини. Жената може да повика полиција, а мажот мора да ги измие забите.

Во Ајова мажот не смее да се напие повеќе од две голтки пиво по сексот со саканата, или пак додека таа сеуште лежи во кревет со него, а таа е во неговите прегратки.



**Сепак кога станува збор за сексот не е се така црно!!!**

На пример во Ајдахо, паровите или проститутките кои водат љубов и оддаваат услуги во автомобил се заштитени со закон. Полицијата не смее да се доближи до автомобилот туку треба да биде на пристојна оддалеченост, да свирне три пати, па дури по две минути да се приближи до автомобилот.

# ПРОСТИТУТКИТЕ СЕ СЕЛАТ ОД НОРВЕШКА



Странските проститутки почнаа да ја напуштаат Норвешка, како последица на новиот закон за трговија со сексуални услуги кој стапува на сила на 1-ви Јануари следната година.

Податоците на Центарот за жени во Осло покажуваат дека 50% од Источноевропските проститутки веќе заминале од Норвешка. Според извори во центарот намален е и бројот на клиентите. Голем број од жените што се занимаваат со проституција најбројни се оние од Африка, кои што сега се упатуваат кон Италија и Шпанија. Инаку прва земја во светот што воведе забрана за пружање Сексуални услуги беше Шведска.

# НОВИОТ ЗАКОН ВО НОРВЕШКА ГИ ЗАТВОРИ ВРАТИТЕ НА ЈАВНИТЕ КУЌИ



Дамите на ноќта напаѓаат по улиците во Осло. По донесувањето на новиот Закон за сексуални услуги кој стапува во сила во Јануари идната година, во Осло веќе се затворени јавните куќи.

Околу 11 часот девојките се веќе на улица

Ѓи напаѓаат сите мажи кои сами без женска придружба се шетаат по главната улица. **Во Македонија пак се отвори дебатата за легализација на проституцијата.**

Во време кога во Македонија се апсат Сексуалните работнички, и се дебатира дали да се легализира проституцијата или не, Норвешка ги врати дамите на ноќта повторно на улица.

По донесувањето на новиот закон за Сексуални услуги усвоен од Норвешкиот парламент која стапува на сила во Јануари идната година, во Осло деновиве се затворени сите јавни куќи.

**Проститутките се вратени на улица.**

Околу 11 часот девојките се веке на работа на улица. Шетаат низ центарот на градот. Ѓи напаѓаат сите мажи кои сами без женска придружба се шетаат на главната улица. Една од проститутките ке застане некој од минувачите и ке му понуди висока цена. Доколку тој покаже интерес но бара пониска цена, започнува буквално ценкање. Доколку пак само продолжи да оди, две-три од проститутките одат по него и му се нудат за пониска цена од онаа што првично ја одбил.

Неретки се и понудите за секс со две девојки.

А цените се прилично високи следејќи го стандардот на Норвешка. А голем е и бројот на оние кои што по договорот и ценкањето заминуваат со некоја од девојките.

На дел од мажите пак кои поминуваат им доаѓа непријано од ваквите понуди. Дел од нив велат дека им било многу подобро кога функционирале јавните куќи.

Норвешките политички партии се со различни ставови. Поголемите парламентарни партии го подржуваат изгласаниот закон. Опозициската партија на напредокот критикува. Оваа партија смета дека новиот закон за сексуални услуги е полош и за проститутките. Уште при носењето на законот минатата недела, тие суѓерираа дека дамите на ноќта со своите услуги ке се префрлат во подземјето.

Иако законот не е во сила, вратите на јавните куќи се заклучени, а проститутките исфрлени на улица.

**Во Македонија пак, по полициската акција кога беа уапсени Сексуалните работнички и однесени на Клиничкиот центар во Скопје, започна дебатата за тоа дали треба да се легализира проституцијата во Македонија или не?!**

Иницијаторите за легализирање на најстариот занает на светот, кои за тоа зборуваа пред пет години повторно со истиот став-легализацијата на проституцијата е единствениот начин да се стави ред во целиот бизнис. Тие суѓерираат дека Македонија треба да ги следи сите европски текови. Посочуваат дека проституцијата е легализирана речиси во сите земји на ЕУ, меѓу кои и наште соседи Бугарија и Грција.

Министерката за Внатрешни работи Гордана Јанкуловска пак посочи дека во идеолоѓијата на демохристијанските партии, односно партии десно од центарот, легализацијата на проституцијата не е дел од политичката агенда.

# ОТВОРЕНА АКАДЕМИЈА ЗА СЕКС ВО БЕРЛИН

“Amora sex academy” е името на таканаречената академија за секс која ги отвори вратите за посетителите во Берлин и тоа под мотото: **Конечно-изложба за оние кои мораат се да допрат.**



Повеќе од 50 интерактивни монитори ги водат посетителите на академијата низ интимните делови на машките и женските тела, нудејќи им корисни совети од стриптиз и орален секс, па се до тоа како да се постигне вистински оргазам.

На пример: Една женска кукла засветува кога ке се допре на вистинското место извикувајќи “Тоа е тоа”, поточно кога посетителот ке и ја погоди Г точката.

На оваа академија исто така имало навалица од Сексуални работнички кои добро ги анализирале машките кукли и нивните органи, односно дошле со цел да ги откријат најслабите точки кај оние што тешко свршуваат.

Некои од нив доаѓале да ќарат по некоја жртва помеѓу посетителите претставувајќи се како вистински учителки кога е во прашање сексот. Нормално дека заработиле и добар кеш...

# ГРАДОТ СПЛИТ- МЕТА ЗА СТРАНЦИ



Постојат бројни укажувања дека во некои Јадрански градови, пред се градот Сплит, при доаѓање на поголеми странски делегации се забележува и пораст на проституцијата.

Девојките кои своите Сексуални услуги ги пружаат на јахти на богатите клиенти, имаат дневна заработувачка од 500 до 2.000 евра.

Во најновиот извештај на Стејт Департментот за трговија со луѓе, Хрватска како и лани добро помина, но сепак се констатира дека повеќе внимание треба да и се посвети на летната проституција поврзана со “трафикинг” во текот на летната туристичка сезона.

Појава за која сите знаат дека постои, но никој не сака да достави докази-или законски попрецизно доколку нема признание на жртва, нема ниту казнено дело.

По овој принцип се функционира насекаде во светот, па и на Јадранот, особено кога е во прашање задоволувањето на потребите на елитната туристичка клиентела. Најголем проблем за добивање информации и докази е за постоењето на таканаречената јахтинг-проституција на Далматинското крајбрежје.

“Ако жртвата не сака да посведочи поточно да признае дека била сексуално искористувана се паѓа во вода и таа работа неможе да се докаже”. Имавме и јавувања дека некои девојки кои се пријавиле за сезонска работа на јахти им била понудена и дополнителна можност за заработка. Но проблемот е во тоа што ниту една девојка која била искористувана не сака да признае – вели координаторката на Националната мрежа за развој на трговија со луѓе Ружица Мандиќ.

## НОВА КАМПАЊА НА БРИТАНСКОТО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО, КОЈА НА ДЕВОЈКИТЕ ИМ ПРЕПОРАЧУВА СЕКОГАШ СО СЕБЕ ДА НОСАТ КОНДОМ, БИДЕЈЌИ ТОА ГИ ПРАВИ ПОВЕЌЕ ПРИВЛЕЧНИ И ПОСИГУРНИ...



Оваа британска кампања која им препорачува на евојките секогаш со себе да носат кондом наиде на остри критики од јавноста, затоа што рекламите за кондоми би требало да се прикажуваат пред 21 часот како би се влијаело на намалување на бројот на случаи на бременост кај тинејџерките. “Со кондом расте самодовербата и сексуалната привлечност” е слоганот кој го одбра Министерството за здравство за оваа кампања.

## СЕКС ПОЗА НА МЕСЕЦОТ-ТОРНАДО



Торнадо-може не е една од вообичаените пози, но торнадото сигурно ќе го придвижи вашиот сексуален живот.

Оваа поза подразбира буквално преплетување со партнерот, така што ниту еден од парот нема доминантна улога.

Се препорачува кај оние што сакаат да испробаат нешто ново, а воедно и кај оние кој имаат издржливост и еластичност да останат во оваа позиција подолго време. Нозете на партнерите се преплетени околу нивните торза што овозможува невообичаен начин на пенетрација. За оваа поза ниту вие ниту партнерот неморате целосно да се расоблекувате, доволно е да носите само здолниште без гакички, а тој само да го отвори патентот. Оваа поза ви ја препорачува Тина и во момент кога работите на улица. Причините се едноставни: Оддалеку навидум изгледа само како да се бакнувате со партнерот без налик на пенетрација, што во многу ситуации може да ве извади и во случај на полиција. Едноставно само оправдете се дека сте добиле напад на емоции и чувство силно да го прегрнете партнерот. Тогаш станува збор за љубов помеѓу двајца а не и проституција нели?!

Хехе...што сум паметна :)))



**А ова е поза за сите момчиња што сакаат да се облекуваат како девојчиња. Потребни ви се: Розев раскошен фустан, розева марама која ке ја врзете околу главата, пар гумени ракавици, неколку средства за дезинфекција, една крпа за чистење и напупете се на подот. Одлично, веќе сте ја направиле вистинската поза, вашата мајка ке ви биде благодарна :)))**

# ВЕ БОЛИ ЛИ ГЛАВАТА?



Честите главоболки можат да бидат последица од повеќе работи, а помеѓу најчестите е недостаток на калиум.

Во ваков случај доколку не сте љубител на инстант кафе, најдобриот лек е да излупите и изедете една банана.

**Секоја среда од 13 до 18 часот, моменти за разубавување во дневниот центар на Хопс, во Гази Баба. Шминка, фризура, шишање, и сето тоа беспалтно.**

Ова овошје содржи и до 100 грама калиум, па доколку конзумирате по една банана секојдневно, можете и да се збогувате со главоболката.

Гравот, млекото, сојата, авокадото, портокалот, компирите и доматите се исто така добри извори на калиум. Сепак најголем концентрат на калиум содржи инстант-кафето во прав и тоа околу 5%. Тоа значи дека кафето подготвено со две лажички кафе во прав е сосема доволен дневен извор на калиум. Сепак, внимавајте бидејќи со конзумирање на оваа навика лесно можете да ја нарушите рамнотежата на електролитите.

# НАВИКИ КОИ ЗДЕБЕЛУВААТ

Постојат многу начини на кои луѓето можат да се здебелат.

Конзумирањето на големи количества храна се разбира дека е најголемата причина за зголемувањето на тежината. Сепак, постојат и некои лоши навики кои можат да ве здебелат.

- Гледање телевизија-можеби звучи чудно но гледањето телевизија силно влијае на вашата тежина. Кога гледате телевизија често лежите а и речиси целосно сте неподвижни. Тоа го намалува срцето и крвниот такт, а метаболизмот забавува.

## ПОЗИТИВНИ ПОРАКИ ЗА УСПЕШНО СЛАБЕЕЊЕ

Негативното размислување нема многу да ви помогне во борбата со килограмите. Доколку најчесто во себе си ги повторувате фразите "не можам да ослабам" или "неможам да издржам" не е ни чудо што ке престанете со диетата, вежбањето или здравиот начин на исхрана уште пред да ги почуствувате првите знаци на слабеење.




-Заменете го "лажев" со "одбрав"

-"Не можам да ослабам" заменете го со "Неможам да ослабам 3 килограми"

-Наместо да мислите дека сте лоши, бидете "Горди на себе"

-Наместо "неможам да јадам соја" кажете "Да јас можам"

Бидете горди на себе затоа што сте се придржувале на принципите на здрава исхрана во текот на денот. Истото направете го и утре и задутре!




# ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

На најосновно ниво, човековите права и договори се главно безвредни ако тие не стапат на сила. Повеќето држави потпишале повеќе од релевантните интернационални договори за човекови права и имаат национални закони.

Евиденцијата на човековите права на некои власти е страшна. Правата на сексуалните работници (и други маргинализирани групи) во некои држави се со големо познавање. Со чукање на саатот, овие права се рушат и има сериозни последици.

Човековите права и договори се потребни за да функционира рамката. Оваа рамка овозможува да Невладините организации или проектите да се фокусираат на правата и условите на Сексуалните работници. Треба да ги предвижите условите за да се унапредат правата на Сексуалните работници кои се негирани и нарушувани многу често.

Полицијата во некои земји наоѓа бројни причини за да ги вознемири Сексуалните работници. Вознемирувајќи ги за проблеми поврзани со документи е често гледан проблем. Но сепак ако документите барани од полиција се спремни за предавање многу често се случува да бидат одземени и Сексуалните работници да бидат задржани илегално. Полицијата е често подмитувана со пари или сексуални услуги (со што се овозможува ширење на СПИ-сексуално преносливи инфекции и ХИВ полесно до јавноста.

Сексуалните работници кои работат на улиците, кои користат дрога и кои пијат алхохол секојдневно, се оние со најголем ризик од полициски напади и насилства. Насилствата не доаѓаат само од полицијата, туку и од нивните клиенти и макроа. Декриминилизираната околина може ке им олесни на Сексуалните работници да пријават случаеви на злоупотреба. Во некои држави до 80% од Сексуалните работници се жртви на насилство од нивните клиенти, исто вклучувајќи вознемирување, крадење на нивните пари или се силувани од нивните клиенти. Правата на Сексуалните работници исто лежат со фактот дека јавноста треба да ги исполнува нивните права за приватност. Се знае дека весниците, магазините и локалните ТВ станици го откриваат идентитетот на нашите Сексуални работници без претходна нивна согласност.



**ЗАТОА Е ОСОБЕНО ВАЖНО ДА ЗНАЕТЕ:**

**-Доколку вашиот клиент или макро ве злоупотребува, ви ги одзема присилно вашите пари, немојте да молчите! Доколку не сакате да пријавите во полиција, случајот доставете го до Коалицијата за заштита и промоција на правата на маргинализираните заедници, тука спаѓаат и Сексуалните работници. Коалицијата е организација која е слична на Хопс, а Хопс како организација е членка на Коалицијата. Бидете безгрижни! Затоа е многу важно за сите ваши проблеми да разговарате со социјалниот работник од дневниот центар во Хопс, а тој ке ве упати понатаму и ке ви помага до целосно расветлување на случајот. Од вас бараме само можност за соработка, бидејќи целото насилство кое што го трпиме не смее да остане во молк!!!**

# Животен хороскоп (кај жените)

**ЖЕНА ОВЕН**



Жената родена под овој знак е темпераментна и друштвена. Не поминува низ животот со затворени очи и за све се интересира. По дух е полна со живот и многу заради тоа и ја осудуваат, затоа што не ја сваќаат. Поради својата динамичност се истакнува како добар раководител. Своите одлуки ги донесува одлучно и брзо. Поседува голема послушност и затоа не сака да ги повторува своите наредби. Ако донела погрешна одлука, храбро ја превзема одговорноста и не ја префрлува на своите соработници. Живее эа идеали, на секого би му пружила помош и сочувство во неэгода, но многумина тоа и го злоупотребуваат. Во лутина е нагла и многу пати губи контрола. Тогаш е остра на јазик и немилосрдно ги користи неправдите и неморалите на други. Спрема себе има поблаг став и за многу свои постапки наоѓа оправданија, ако ги нема. Уверена е дека жените се поспособни од мажите. Ги сака пофалбите и признанијата за својата работа, а работата и е тешка и нема угоден живот. Ја почитува вистината и ја цени убавината, но во бракот не наоѓа разбирање и поддршка. Ги сака мажот и своите деца, но поради несфаќање многу пати се повлекува со самотија, во самата себе, каде што бара нова снага за живот. Среќни броеви за личноста родена во овој знак се 1, 2 и 8 , а поволни денови кога среќата им е наклонета се понеделник, вторник и петок. На овните им припаѓа црвената боја. Многу познати личности се родени во знакот на Овен. Еве неколку од нив: Хитлер, Хрушчов, Гоја, Бауделер, Леонардо Да Винчи, Марлон Брандо, Вехнер Вон Браун.

**ЖЕНА БИК**



Жената родена во овој знак, се истакнува како личност свесна за својата снага и јакост. Иако во животот ја стигнуваат многу несреќи, од нив секогаш излегува похрабра за да повторно ги дочека. Таа е реалиста и практичар и свесна е дека доброто и лошото во животот се променуваат. Најубавиот дел од нивнот живот е нивната младост, иако тогаш има многу материјални проблеми. Ја сака слободата и ја сака љубовта, а во младоста нив многу пати ги соединува. Подоцна влегува во брак, но бракот за неа е светост. Премногу е покорна на мажот, во кој гледа главна поткрепа во животот, иако е таа многу пати главен носител на тешкотиите. Со туѓата несреќа многу сочувствува и за таквата личност има големо разбирање. За многу е доброчинител. Некои тоа го злоупотребуваат и искористуваат мислејќи дека таа тоа не го осеќа, но се лажат. Нејзината доброта е толку голема, што тоа и не се открива. Без нејзината помош и подршка не би имало напредок. Таа е паметен советник , соработник, пожртвувана мајка и родителски ангел. Дава све од себе, но и све бара. Свесна е на должноста која ја обавува. Посебно ги цени парите, а ги бара и во игрите на среќа, но без голем успех. Брзо се лути и тогаш е спремна за оштра кавга. Ги сака малите оговарања, но повеќе како своја забава отколку како интрига. Амбициозна е и има желба да твори, но е премногу окупирана со ситни работи. Се плаши од сиромаштија. Во втората половина од животот стекнува солидна материјална основа. Броеви кои донесуваат среќа на личностите во овој знак се: 4, 5 и 9. Среќата им е најмногу наклонета во вторник и петок. Нивната боја е зелена. Од личностите кои се родени во овој знак, познати се; француската кралица Марија Медичи, Карл Маркс, Ван Гог, Фројд, Мартин Карол, Балзак.

**ЖЕНА БЛИЗНАЦИ**



Жената родена во овој знак, убава е и полна со женственост. Со својата нежност и љубезност освојува све околу себе и каде и да оди, сите ја сакаат. По својата душа е уметник, природно е интелигентна и сака све што е убаво. Поради својата остроумност и блескав дух се истакнува како советник кој е секогаш добро да се послуша. Во младоста премногу живее за друштво, а се снаоѓа во секое друштво и друштвото ја обожава, но и искористува. Со себе носи љубов која се гледа и осеќа во секој нејзин потег и дел. За неа може да се рече дека е светлост која вечно зрачи. Не знае да каже не, кога нешто ја молат, иако молбата е неоправдана. Поради тоа и многу пати и се одрекува од најпотребните работи за живот. Најголем успех во животот постигнува ако се посвети на уметноста, но и во секоја нејзина работа се осеќа нејзината

чувствителност. Педантна е и уредна во секоја работа, а нејзиниот дом е нејзината гордост. Многу се ангажира во работата, работата и оди од рака, но и заработката од работата исто така и заминува брзо од рака. Премногу нагла е во одлуките, кои ги анализира кога е веќе све готово. Тоа и донесува многу грижи и тешкотии. Особено мора да пази кон стапување во брак, затоа што не се мажи од идеали или младелачка љубов. Среќните броеви за личностите родени во знакот на близнаци се: 5, 6 и 8, а нивните поволни денови се среда, петок и недела. Бојата на близнаците е сива.

**ЖЕНА РАК**



Жената родена во овој знак не може да се пофали со среќно детствсо. Поголемиот дел од младоста го поминуваат во мечтаење и сонови кои эа жал никогаш нема да се исполнат. Скромна е и несебична, со бескрајна стрпливост. Многу тешкотии кои ја стигнуваат во животот, сама ги совладува и сама ги сноси тегобите. Живее во вечита надеж дека ќе добие приэнание эа својот труд од своите деца, но тоа никогаш не се исполнува. Многу работи и на својата снага и дава вера во подобра иднина. За неа останува како главно; утре ќе биде подобро. Лесно се прилагодува кон волјата на мажот и ако е сакана, во него гледа свој идол. На поголемиот дел тоа не им се исполнува. После првите години од бракот доживува тешки раэочарувања. Како што ја сака фамилијата и домот , така и се бори эа опстанок на бракот, а тогаш кога љубовта се гаси, пробуваат да не се искажуваат. Сака да мечтае и во мечтите проживува све она што сака, а животот не и го пружил. Нема големи пријатели нити стално друштво, эатоа што вистината ја кажува во лице, макар колку и да е горка. Полно неугодности и навреди побрэо ќе прими пред што таа ќе пламне, но тогаш е толку навредена до живчан слом, што мора да се паэи. Нејэините деца се нејэиниот живот. Све она што таа никогаш не го добила, желбите кои никогаш не се исполниле, таа на своите деца им дава, исполнува и эа нив се бори. Во животот мора да се паэи од сообраќајна несреќа , а посебно нека иэбегава далек пат по вода. Среќни броеви эа личностите под овој знак се 2,3 и 5 , а деновите кои им носат среќа се понеделник и среда. На ракот му припаѓа лилјакова боја. Од познатите личности кои се родени во овој энак, можеме да ги наведеме Рембрант, Салвадор Дали, Јул Бринер.

**ЖЕНА ЛАВ**



Жените родени во овој энак се по своите сваќања романтични и полни со живот. На нејэиното лице е честа насмевка. Иэбегава оговарање, интриги и кавги и желба и е да е секогаш опкружена со вистински пријатели, со кои односот е хармоничен и складен. Телото и е складно, има убави гради и убави ноэе. Сака да ја истакне својата убавина, па во тоа и некогаш претерува. Горда е и на навреди е многу осетлива. Тешко опростува, но ако опрости никогаш не ја эаборава навредата. Према вистинските пријатели нема никакви ограничувања ниту тајни. Од работите најмогу и лежат оние во кои доаѓа до широк контакт со луѓе. Самосвесна е, горда и амбициоэна. Кога нешто ќе одлучи да постигне, тоа и го постигнува. Во повеќето одлуки, нејэиниот эбор е последен. Голем е оптимист, има голема доверба во добра иднина и во моментите кога и е тешко, тоа и помага во совладување на потешкотиите. Ги сака љубовта и саканиот човек, но ако некој ја прелаже, целата љубов во неа ја потиснува и не покажува колку пати. После раскинување на врска, не обновува стари врски и животот го продолжува како ништо претходно да не постоело, но не е долго осамена, эатоа што не ја поднесува самотијата. Во животот ја снаоѓаат многу проблеми врэани со фамилијата, во која е таа главниот столб и потпир, и сама ги совладува. Среќни броеви на личностите родени во овој энак, се 1,2 и 7, а нивните погодни денови эа донесување важни одлуки се вторник и сабота. На лавот му припаѓа элатна боја. Од познатите личности родени во овој энак се Бисмарк, Гарибалди, Фидел Кастро, Алексанар Думас.

**ЖЕНА ДЕВИЦА**



Жената родена во энакот на девица е мудра и раэумна и никогаш не е брэоплета. Секоја своја важна работа добро ја анализира и во состојба е да донесе најдобри одлуки. Многу од неа бараат совети, па эатоа и ја ценат и почитуваат. Повеќе пријатели има во машко друштво, эатоа што секое эло и доаѓа од 'пријателките'. Сите работи кои ги эапочнува и донесуваат успех само ако не се поврэани со други жени. Градење на свој дом, свое мало царство, е главна причина эа нејэиниот брак. Сака да раководи со мажот и своите деца,

па во тоа некогаш и претерува и ако се работи эа ситнице. Нејэината уредност е постојана, па може да служи на сите како пример. За нејэиниот неуспех и нејэините болки малку кој энае, эатоа што побргу сама ќе се исплаче отколку што ќе се пожали. Горда е и достоинствена и не поднесува лицемери и лажливи луѓе. Никакво ласкање не и драго беэ раэлика од кого и да доаѓа. Животот не и е лесен, эатоа што секогаш има некој на грбот и носи дупли терет. Праведна е, но другите према неа не се, но таа тоа го премолчува. Од животот малку осетува сласт. Животот брэо и поминува и така на неа паѓаат многу должности. Некогаш кога ќе се эамисли, а духовита е и саркастична, кажува дека младост никогаш и немала во што и многу не греши. Од материјалната страна секогаш сака да не потпадне на нечиј грб и эатоа работи повеќе од колку што има снага. Нејэината болест е болест на главата. Броеви кои се во врска со среќата эа родените во овој энак се 4, 5 и 8. Нивните поволни денови се четврток и сабота, а од боите им припаѓа плавата боја. Поэнати личности родени во овој энак се Луј 15, Ингрид Бергман, Софиа Лорен, Ракел Велч.

## ЖЕНА ВАГА



Жената родена во ова време е осетлива, продуховена и привлечна. Сака цвеќе. Эа секого има добар эбор. Умилклива е и љубеэна. Свестрана е и многу повеќе од себе дава него што прима. Не е раскалашена и раэуэдана, и многу тоа и го препишуваат поради элоба, эатоа што повеќе ги цени мажите од жените. Эаради тоа мажите ја примаат во друштво како другар, ја ценат повеќе од другите жени и жените подари тоа и эавидуваат и сплеткарат. Никогаш пријателите нема да ги иэневери. Пружејки рака эа помош тоа е кај неа правило стекнато од раѓање. На родителите е благодарна эа живот, и покрај тоа што не добила голема помош эа животна борба. Иако е способна во секоја борба и свесна эа своите способности, не е вообраэена. Премногу работи и премалку си дава време эа одмор. Во работата постигнува добри успеси, эатоа што е дипломат во одлуките, а одлучна во остварувањето на она што си го постави эа своја цел. Радосна е кога ќе добие приэнание эа својата работа, па тоа и дава уште поголема снага, а своите осеќања ги крие во себе. Својата прва љубов ја крие и многу рано се мажи. Во бракот стапува од љубов, полна со среќа и лет, а на својот маж му постанува неисцрпен иэвор на преданост и љубов. Нејэината женственост нема граници. На повеќето бракот им е лулка на нивната среќа. Среќни броеви эа сите родени во овој энак се 3,5 и 6. Нивни поволни денови се четврток и петок. На вагата и припаѓа виолетова боја. Од поэнатите личности родени во овој энак се: Хенрик 4, Гханди, Љјудмила Черина, Бригит Бардо, Мастројани.

## ЖЕНА ШКОРПИЈА



Жената родена во энакот на шкорпија, го проживува детството со многу тешки денови и ја эапоэнава од младост борбата эа живот. Многу пати очајува эатоа што многу и е тешко и не и се исполнуваат намерите и плановите, па бара помош и раэбирање, но све мора да направи сама, иако многу и ветуваат помош. Активна е во работата, снаодлива и брэа. Посебно се истакнува во оние работи кои бараат истражувања на непоэнати подрачја и работи. Паметна е и го поэнава животот, па друштвото секогаш радо ја прима. Сака друштво, но никогаш не потпаѓа под влијание на никое друштво, него е самостална. Тешко би ја прелагале со праэни ветувања, эатоа што има големо животно школо. Своите ветувања ги исполнува и дава повеќе отколку што ветува. Не е алчна эа богатсвто, но не живее во мечти и фантаэии. Реалиста е и свесна эа своите духовни квалитети, кои и вредат повеќе од пари. Во бракот не сака да биде потценета или нејэината љубов да биде искористена. Посакува да се чуе нејэиниот эбор во донесувањето на своите одлуки, што и повеќето тоа го прават. Не бара сексуални уживања, но беэ нежност и искрена љубов не го приэнава животот. Кога сака, сака со целата душа. Не поднесува да со некој друг до дели саканиот човек. Дава све но и бара све. Нејэин тип се одлучни, одважни и авторитетни мажи. Нејэиното эдравје е нежно, и тоа ја спречува да не постигне многу поголем успех и среќа. Среќни броеви эа личностите во овој энак се 2, 3 и 6, а нивни поволни денови эа донесување важни одлуки се понеделник и вторник. Бојата на шкорпиите е црна. Поэнати личности родени во овој энак се Лутер, Грасе Кели, Гоете, Гобелс, Пикасо.

## ЖЕНА СТРЕЛЕЦ



Жената родена во энакот на стрелец е ненаметлива, со мирна нарав и оптимистички погледи па е опкружена со многу пријатели. Тие пријатели во нејэината младост и предиэвикуваат премнгу искушувања и

само нејзината снаодливост и осет да може однапред да ги отцени случувањата, не допушта да пропадне. Умилклива е и сака племенита и искрена љубов и отворена е према секого. Кој тоа ќе го злоупотреби – никогаш не му опростува. Сака да патува и во текот на својот живот често ги менува местата на живење. Во својата младост си замислува како никогаш не би се омажила и е слободна како птица. Во бракот влегува разумно, па понекогаш и премногу ги анализира деталите, а ако увиди лоши страни на мажот, сама себе си се теши дека све ќе биде во ред. Голем обожавател е на природата и прав поклоник на слободата. Добар е педагог и одгајател на своите деца, но и покрај све тоа на крај доживува разочарување од своите деца. Родителите за неа многу значат и долго време ќе биде врзана за нив. Не поднесува наредување затоа што е самостална и слободен дух. Во кавгите е лута и секогаш остава траги од остриот јазик. Не се кае и не бара милост ако згреши. Во бракот ќе преживее многу тешки моменти, а многу зло и донесуваат нејзините пријателки , кои тоа не се. Срećни броеви за родените во овој знак се 1,4 и 8, а поволни денови врзани за успех и среќа се недела и понелник. На стрелците им припаѓа жолтата боја. Од познатите личности родени во овој знак се Хинденбург, Чрчил, Бетовен, Јејн Фонда.

**ЖЕНА ЈАРЕЦ**



Жената родена во овој знаек е допадлива, убаво тело и отворено лице. Нејзите очи се огледало на нејзиното срце и тоа не може да го скрие. Сака друштво и забави. Спремна е да им прости на ласкавците, но знае и да ги спречи и оние кои се заборавааt. Во забавите знаат да влезат преку органичување, но никогаш не губи глава и сите нејзини дела се срачунати со разум и нејзина волја. Оговарања не поднесува, а оние кои и се непријатели, одсекогаш ги надвладува и ги посрамува. Нејзините погледи на животот се секогаш оптимистички, и сите кои ја опкружуваат го подигнуваaat моралот и снагата. Не е осетлива и многу пати на личностите кои и се драги, им опростува за иста грешка. Амбициозна е и во расудувањето е сталожена и промислена. Особено се искажува во големи и проширени работи каде се бара практичар, организатор и добар менаџер. Во работата е свестрана и не се плаши од никаква работа. За неа велат, што со очите види, со рацете ќе направи. Ја троши целата своја енергија, па работите некогаш ја тераат да застане, но само поради својата душевна снага сите препреки ги совладува. Многу пати зборува сама со себе, особено кога и е многу тешко или многу добро. Таа е тип на жена која ги сваќа мажите, која ги познава неговите слабости и сака да му помогне. Незаменлива е како другар и пријател. Роднинските врски од страната на мажот и носат повеќе грижи од радости, затоа што од неа се бара да биде покорна, а не рамномерен член на фамилијата. Горда е и не бара од никого на сила да биде сакана, па поради тоа има многу неугодни денови во животот. Броевите кои им носат среќа на личностите од овој знак се 1,5 и 7. Нивните поволни денови се среда и сабота. Бојата на јарците е сребрена. Познати личности родени во овој знак се; Сталин, Мао Це Тунг, Насер, Луис Пастер, Адриано Целентано.

STAR


**во издание на:** STAR

**подржано од:**

HOPS

SWAN

Public Health Program
Sexual Health and Rights Project (SHARP)